*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
*НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **12.04. 2024 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 4** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект бр. 0801 – 733 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.04. 2024 година.

**Бр.0901- 740**
**12.04. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.Македонија“ број32/20), а во врска со чл.10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. Весник на Р. Македонија„ бр. 23/11...174/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12. 04. 2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект**

**Член 1**

Се одбива барањето за вклопување во урбанистичка планска документација на бесправниот објект кој и изграден и дограден наКП 9369 И.Л. бр.665КО Св. Николе и на дел од КП 11693/1 И.Л. бр. 2 КО Св. Николе поднесено од Оделението за урбанизам, заради утврдување правен статус на бесправен објект по поднесено барање број 09-2364 од 31.08.2011 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801- 733**

**12.04. 2024 година**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година бр. 0801 – 734 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.04. 2024 година.

**Бр.0901- 740/2**
**12.04. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ бр.05/2002“),а во врска со член 34 став 5 од Законот за Буџети (“Сл.Весник на РМ бр.64/2005,4/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/11,171/2012,192/2015 и 167/2016“) и ( “Службен Весник на РСМ бр.151/21“),Советот на Општина Свети Николе на 45седница на 12.04.2024 година донсе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **СВЕТИ НИКОЛЕ**

За **2024** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина СВЕТИ НИКОЛЕ за 2024 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 3.116.385 | 0 | 0 |
| | | **0** | **3.116.385** | **0** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **K20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 16.446 | 0 | 0 |
| **K30** | **МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 7.695 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 13.156 | 0 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 421290 | Други материјали за греење | 0 | 63.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 160.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 180.000 | 0 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 170.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 57.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 160.000 | 0 | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 0 | 20.300 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 90.000 | 0 | 0 |
| 425970 | Консултантски услуги | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 160.000 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 50.279 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 102.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 64.000 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 250.341 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 48.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 244.794 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 324.374 | 0 | 0 |
| | | **0** | **3.116.385** | **0** | **0** |

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а Ќе се објави во "Службен гласник на ОпШтина Свети Николе" за 2024 година .Со донесување на ова одлука престанува да важи Одлуката со бр.0801-692 донесена на 29.02.2024 година.

Бр. 0801-734
12.04.2024 год.
Свети Николе

Претседател на Советот на ОпШтината

__________

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година бр. 0801 – 735 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.04. 2024 година.

**Бр.0901- 740/3**
**12.04. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11,192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ број 244/2019,53/21,77/21 I 150/21), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010,180/2011,171/2012, 192/2015 и 167/2016 и "Службен весник на РСМ број 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на Општина Свети Николе на **45** седница одржана на 12.04.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на**
**Одлуката за извршување на Буџетот на**
**Општина Свети Николе за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена и дополување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година бр.0801-635 од 25.12.2023 год и тоа:

Член 2

Во член 9 став 1 алинеја 1 бројот „ 2,9" се заменува со бројот „ 2,52".

**Член 3**

Во член 12 став 1 по зборовите "просечна месечна"се додава зборот "нето" .

**Член 4**

Во член 18 став 1 зборовите „просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата"се заменуваат со зборовите „основици од просечна месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци" .

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе ".

**0801- 735**
**12.04.2024**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за отпис на ненаплатливи застарени побарувања за комунална такса во Буџетот на Општина Свети Николе бр. 0801 – 736 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.04. 2024 година.

**Бр.0901- 740/4** **Општина Свети Николе**
**12.04. 2024 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.04. 2024 година донесе

**ОДЛУКА**

**за отпис на ненаплатливи застарени побарувања за комунална такса во**

**Буџетот на Општина Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис на ненеплатливи застарени побарувања во Буџетот на Општина Свети Николе по основ на комунална такса за истакната фирма кај правни субјекти и трговци поедниници согласно со Извештајот за годишен попис на Централната пописна комисија на Општина Свети Николеле бр.0901-201/4-2 од 05.02.2024 година и тоа:

- Правни лица – Отпис на комунална такса за фирма односно назив за деловна просторија вкупно 7 салдо за отпис: 140.000,00 денари;
- Трговци поединци – Отпис на комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија вкупно 9 со вкупно салдо за отпис: 52.000,00 денари;

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за извршениот попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детското одмаралиште Стар Дојран и попис на побарувања и обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12.2023 година бр.0901-201/4-2 од 05.02.2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Број 0801- 736** **Совет на општина Свети Николе**
**12.04. 2024 г.** **Претседател**
**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари моторна коса стихл фс 250 без надомест за потребите на ЈП,,Комуналец,, Свети Николе бр. 0801 – 737 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.04. 2024 година.

**Бр.0901- 740/5**
**12.04. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02), како и член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 275/19,122/21) на седницата одржана на ден 12.04. 2024 донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на трајно користење на движни ствари моторна коса стихл фс 250 без надомест за потребите на ЈП,,Комуналец,, Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Свети Николе на ЈП ,,КОМУНАЛЕЦ,,Свети Николедава на трајно користење на движнаствар моторна коса стихл фс 250без надомест за потребите на ЈП ,,КОМУНАЛЕЦ,,Свети Николе

| Реден број | **Назив на движни ствари** | **Количина** |
|---|---|---|
| **1.** | **МОТОРНА КОСА СТИХЛ ФС 250** | **1** |

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење на **ЈП ,,КОМУНАЛЕЦ**, Свети Николе.

**Член 3**

За регулирање на меѓусебните права и Обврски Општина Свети Николе и ЈП ,,КОМУНАЛЕЦ,, Свети Николе ќе склучат посебен договор.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Број 0801- 737**
**12.04.2024 г.**
**Свети Николе**

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе бр. 0801 – 738 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.04. 2024 година.

**Бр.0901- 740/6**
**12.04. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и чл. 26 став 1 точка 6 од законот за експропријација („Службен весник на РМ„ бр. 95/12, 131/12, 24/13 и 27/14), Советот на Општина Свети Николе на седницата држана на ден 12.04. 2024 година донесе

**О Д Л У К А**
**за резервирање на средства за експропријација**
**во Буџетот на општина Свети Николе**

Чл.1

Се резервираат средства во Буџетот на општина Свети Николе за експропријација на недвижен имот – градежно неизградено земјиште , и тоа:
-КП бр. 10755/3, ул. „11-ти Октомври“, ГНЗ, повр. 41м2, И.Л./ КО Свети Николе-град, сопственост на Светислав Стоилковски од Свети Николе, ул.„Гоце Делчев“бр.31 .

Чл.2

Експропријацијата на недвижниот имот наведен во чл. 1 од оваа Одлука се врши заради реализација на објект од јавен интерес – изградба на улица „Миле Поп Јорданов“ со крак од улица „Војдан Чернодрински“, крак од улица „Киро Глигоров“, крак од улица „Сирма Војвода“ и крак од улица „11-ти Октомври“.

Чл.3

Вкупниот износ на средствата потребни за експропријација се утврдени на 25.000,00 денари.
Средствата во наведениот износ се резервираат од Програмата ФА, конто 485 420 – надомест за одземен имот.

Чл.4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Сл.Гласник на општина Свети Николе“

**Број 0801- 738**
**12.04. 2024 г.**
**Свети Николе**

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за 2023 година бр. 0801 – 739 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.04. 2024 година.

**Бр.0901- 740/7**
**12.04. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став1 точка 13 од Законот за Локална Самоуправа, а во врска со член 25 став 1 од Законот за Полиција Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.04. 2024 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**

1.Советот на Општина Свети Николе ја прифаќа Информацијата за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за 2023 година.

2.Поднесената Информација се прифаќа во целост без давање на посебни препораки на раководното лице за постапување во областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник" на Општина Свети Николе.

**Бр.0801- 739**
**12.04. 2024 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект

2.Одлука за проширување на середства во Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година;

3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година;

4.Одлука за отпис на ненаплатливи застарени побарувања за комунална такса во Буџетот на Општина Свети Николе;

5.Одлука за давање на трајно користење на движни ствари моторна коса стихл фс 250 без надомест за потребите на ЈП„Комуналец„ Свети Николе;

6.Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе;

7.Заклучок за усвојување на Информацијата за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за 2023 година.

**Бр.0801- 741**
**12.04. 2024 год.**
**Свети Николе**